Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 30.01.2023

На 29.01.2023 во 19.20 часот на ул.„Трајко Николоски" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп го лишиле од слобода Ј.П.(40) од Прилеп. Тој бил затекнат при кражба од плац на правно лице во с.Кривогаштани. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (30.01.2023) во 02.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.В.(37) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2023 во 08.00 часот на место викано „Три круши", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.С.(34), Д.Д.(22) и И.С.(34), сите од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2023, со наредба од Основен суд Кочани, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово извршиле претрес во домот на Н.С.(63) од с.Чифлик, пехчевско. При претресот биле пронајдени и одземени една пушка „Steur M95" со дрвен кундак и една воздушна пушка со калибар 4,5 со дрвен кундак, кои ги поседувал без дозвола. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (29.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 689 возачи. Од нив 45 возила се движеле со над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина, а девет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 382 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 307 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (29.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 143 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 56 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), шест санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, три мерки за возач почетник...

На 29.01.2023, во периодот од 10.00 до 15.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид извршени се засилени сообраќајни контроли. За време на контролите полициските службеници затекнале и санкционирале 80 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-18, Струга-48, Кичево-05, Дебар-09).

На 29.01.2023 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 71 пречекорување на брзината, од кои 26 на подрачје на Струмица, 17 на подрачје на Радовиш, 15 на подрачје на Валандово и 13 на подрачје на Гевгелија. Во 36 случаи брзината била пречекорена надвор од населено место, а во 35 случаи во населено место. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 29.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 69 прекршоци, од кои 35 во населено место и 34 надвор од населено место. Од нив, 27 на подрачјето на Штип, 18 во Свети Николе, 9 во Кочани, 5 во Виница, 4 во Делчево, 3 во Берово и 3 во Пробиштип. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 14 други видови на прекршоци, од кои 1 за нерегистрирано возило, 7 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 2 за некористење сигурносен појас и 2 за непропишно паркирање.

Секторот за внатрешни работи Тетово продолжи со спроведување акциски контроли во чие средиште се различни видови прекршоци. Изминатиот викенд (28/29.01.2023), при контрола спроведена во ноќните часови на тетовско-гостиварското подрачје, биле откриени и санкционирани 8 возачи кои ги управувале возилата под дејство на алкохол (ТЕ-4 и ГВ-4), а 1 (ГВ) одбил да се алкотестира. Сите прекршители биле веднаш исклучени од сообраќај и изготвени им се соодветни поднесоци, со кои е предвидена парична глоба од 250 до 400 евра во денарска противвредност и заштитна мерка-времено одземање на возачите дозволи од три месеци до една година. Во овој период, исто така, спроведена е и акциска контрола за престигнување, во која биле санкционирани 23 возачи (ТЕ-16 и ГВ-7), а кои престигнувале на забранети места. Покрај тоа, во двете контролни активности откриени се и 19 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-13 и ГВ-6).

На 29.01.2023 во 16.40 часот во Полициската станица Драчево, А.Н.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.С.(46) од Скопје пријавила дека на ул.„474" била касната од куче скитник.

На 29.01.2023 во 15.45 часот во Полициската станица Карпош, А.Т.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Езерци" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ј.Ш.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање кредит или друга погодност" по член 249 од Кривичниот законик. Имено, пријавената пронашла изгубена лична карта на лице од Скопје, по што со неа на 19.12.2022, во една филијала на финансиско друштво, аплицирала за одобрување брз кредит, со што имала намера да се стекне со противправна имотна корист во износ од 32.000 денари, обидувајќи се да го доведе во заблуда вработеното лице во друштвото дека личната карта е нејзина.

На 30.01.2023 во СВР Битола било пријавено дека Д.П.(35) од с.Могила се здобил со повреди додека извршувал работни задачи во круг на фирма во атар на с.Радобор, општина Могила. Тој бил пренесен во Клиничка болница Битола за укажување на лекарска помош. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се вкупно 183 возачи од кои 164 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 10 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 7 за управување возило без возачка дозвола и 2 за нерегистрирано возило.

Денеска (30.01.2023) околу 07.20 часот на ул.„Пролетерски бригади", во близина на средно училиште во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга привеле малолетник од струшко село, затоа што кај него бил пронајден гасен пиштол. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ј.Т.С.(21) од Велика Британија, правно лице од Велика Британија и А.А.А.(44) од Велика Британија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „компјутерска измама". Првопријавениот, одговорно лице во правното лице и третопријавениот извршиле промена на компјутерски податоци, со што предизвикале невистинит резултат при пренос на податоци. Преку електронска порака, до оштетеното правно лице од Пробиштип, испратиле лажни банкарски инструкции за меѓународно плаќање, врз основа на кои оштетеното правно лице извршило плаќање во износ од 425.653 евра кон банкарската сметка на второпријавениот, наместо на вистинскиот добавувач. На тој начин тие причиниле вкупна материјална штета од 425.653 евра на правното лице од Пробиштип.

На 29.01.2023 во 19.20 часот во СВР Скопје, М.С.(42) од с.Марино, општина Илинден, пријавил дека во угостителски објект во с.Марино бил физички нападнат од А.С.. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 22.05 часот во СВР Скопје, М.А.(21) од нас.Илинден пријавил дека во угостителски објект во с.Кадино, општина Илинден, бил физички нападнат од Г.Ц. од с.Ржаничино, скопско. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.Е.(59) од с.Горна Бањица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење на службени дејствија". На 05.01.2023 во Гостивар, пријавениот физички нападнал вработен во Државниот пазарен инспекторат Гостивар, кој преземал службени дејствија.

На 28.01.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје, В.Т.(33) од Скопје пријавил дека на работното место на бензинска пумпа на подрачјето на Драчево, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.01.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на Драчево, четири малолетници биле физички нападнати од А.Б., А.Л., С.Л. и уште едно лице, кои употребиле и стаклени предмети. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.01.2023 во 14.25 часот во СВР Тетово, 50-годишниот гостиварец И.А. пријавил дека на улица „Тоде Богдановски" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.З.(44) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преземање службени дејствија, полициски службеници од СВР Тетово го забележале пријавениот како фрла пакување со марихуана, додека при проверка кај него било детектирано присуство на метаболити од кокаин.

На 29.01.2023 во 19.30 часот во СВР Куманово, М.С.(33) од Куманово пријавила дека на булеварот „Трета македонска ударна бригада" била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Е.(69) од село Стримница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без лиценца". На 27.10.2022 на регионалниот пат Тетово-Брвеница, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген венто", при што констатирале дека пријавениот врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет